# УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА НА ГРАНИЧЕН ПРОИЗВОД

**Flonivin® Kids Immuno**
**10 ќесички прашок за перорална употреба**

**Упатството за пациентот содржи:**

1.Што претставува **Flonivin® Kids Immuno** и за што се употребува?
2.Што мора да знаете, пред да го земете/ употребите **Flonivin® Kids Immuno** ?
3.Како да го земате/ употребувате **Flonivin® Kids Immuno** ?
4.Можни несакани дејства(реакции)
5.Чување и рок на употреба на **Flonivin® Kids Immuno**
6.Дополнителни податоци за граничен производ

## 1. Што претставува Flonivin® Kids Immuno и за што се употребува?

Flonivin® Kids Immuno, прашок за перорална употреба е граничен производ со 15 милијарди корисни микроорганизми (*Saccharomyces boulardii, Lactobacillus acidophilus* и *Bifidobacterium lactis*), инулин, витамин Д3 и цинк, наменети за имунитет и дигестивна микрофлора кај деца над една година. Витаминот Д придонесува за нормална функција на имунолошкиот систем кај децата и нормален раст и развој на коските кај децата. Цинкот придонесува за нормална функција на имунолошкиот систем и ги штити клетките од оксидативен стрес.

## 2.Што мора да знаете пред да го земете/употребите Flonivin® Kids Immuno

**Немојте да го земате/употребувате Flonivin® Kids Immuno** доколку сте алергични на било која состојка на производот.

**Бидете посебно внимателни со Flonivin® Kids Immuno**
Производот не смеат да го употребуваат лица кои се преосетливи на било која од состојките на производот.

**Бременост и доење**
Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да го земете производот.
Ако сте бремени, планирате бременост или ако доите, пред да почнете да го земате граничниот производ, посоветувајте се со својот лекар или фармацевт.

**Влијание врз психофизички способности**
Примената на **Flonivin® Kids Immuno** не влијае на способноста за ракување со моторни возила и машини.

**Важни информации за некои состојки на Flonivin® Kids Immuno**
Препорачаната дневна доза не треба да се надминува.

Производот не смее да се користи од лица преосетливи на која било состојка во производот.

Производот не е наменет за деца под 1 година.

Производот не треба да го земаат деца со изразена неутропенија, сепса, имунокомпромитирани деца или деца болни од ХИВ, деца со централен венски катетер, крвава дијареа, на имуносупресивна терапија, вклучително и деца со алографт.

За деца со здравствени проблеми или на терапија со лекови, треба да се консултирате со педијатар пред да го земете овој производ.

**Земање/употреба на други медицински производи**
Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.

**3.Како да го земате/употребувате Flonivin® Kids Immuno**
Деца постари од 1 година: Еднаш дневно содржината на ќесичката се раствора во чаша студена вода или се меша со оброк и му се дава на детето да го испие /изеде.

Препорачаната дневна доза не смее да се надмине .

**4.Можни несакани дејства (реакции) на Flonivin® Kids Immuno**
Ако забележите било какви несакани дејства, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

**5.Чување и рок на употреба на Flonivin® Kids Immuno**
Да се чува во оригинално пакување, заштитено од светлина и влага, на температура до 25 °C.
Да се чува надвор од дофат на деца.

**Рок на употреба**
Не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.

**6.Дополнителни податоци за граничен производ**

**Состав на граничен производ**

| **Состав на активни компоненти** | **1 ќесичка** | **% НРВ[1]/%НРВ[2]** | **100 g** |
|---|---|---|---|
| *Saccharomyces boulardii* | 5 x $10^9$ CFU* | -/- | 2,2 x $10^9$ CFU* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Лиофилизирана култура на корисни бактерии<br><br>(HOWARU® Protect Kids), од што:<br><br>*Lactobacillus acidophilus* NCFM®<br><br>*Bifidobacterium lactis* Bi-07® | <br><br><br><br>5 x $10^9$ CFU*<br><br>5 x $10^9$ CFU* | <br><br><br><br>-/-<br><br>-/- | <br><br><br><br>2,2 x $10^9$ CFU*<br><br>2,2 x $10^9$ CFU* |
| Инулин | 500 mg | -/- | 22,2 g |
| Цинк (цинк-оксид) | 5 mg | 125 / 50 | 2,2 g |
| Виматин Д3 (холекалциферол) | 5 µg | 50 / 100 | 2,2 mg |

НРВ[1] – нутритивна референтна вредност за деца на возраст до 3 години

НРВ[2] – нутритивна референтна вредност за деца постари од 3 години

*CFU – број на бактерии кои формираат колонија

HOWARU® е регистрирана трговска марка на компанијата "International Flavors and Fragrance" или нејзините подружници.

**Состојки**

Малтодекстрин, инулин, *Saccharomyces boulardii, Lactobacillus acidophilus, Bifidobacterium lactis,* цинк оксид, холекалциферол

**Изглед на граничен производ и пакување:** 10 ќесички прашок за перорална употреба.

**Носител на одобрение за ставање на граничен производ во промет:**
ГАЛЕНИКА ДООЕЛ Скопје, Бул. Кочо Рацин 14, 1000 Скопје, Р.С. Македонија

**Производител:**
Phytonet doo Stevana Opacica 4/4 Rakovica 11090 Beograd за Galenika a.d. Београд, Р. Србија

**Број и датум на упис во Регистарот на гранични производи:**